Трајче Нацев, Емил Сламков, Душко Цветанов

Пропигнејум - префурниуми и фурниуми  кај римските, доцноантичките и средновековни бањи во Р. Македонија

Пропигнејум – префурниум, преставуваат помошни простории на бањите, во кој се чувало огревното дрво за затоплување на бањите. Исто така кај поедини префурниуми, пронајдени се и други архитектонски содржини. На територијата на Р. Македонија, кај поголем број од откриените, римски, доцноантички и средновековните бањи откриени се пропигнејуми – префурниуми, сите со исклучително мали димензии, со исклучок на префурниумот кај големата бања на археолошкиот локалитет Баргала.

Фурниумите, претставуваат составен дел на хипокаустичниот систем на бањите. Секогаш се сместени на крајот на објектот во мал простор со правоаголна или квадратна форма. Во нив се сместени ложиштата за затоплување на водата, хипокаустот и просториите на бањите (калдариум, лаконикум и тепидариум), кој се ложени од пропигнејумот. Големината и бројот на фурниумите, зависи од големината на бањата, односно од просторот кој треба да биде загреан. Фурниумите се откриени кај сите досега откриени бањи во Р. Македонија.

Во трудот, ке бидат обработени сите откриени пропигнејуми – префурниуми и фурниуми во Р. Македонија, со обид за типологија врз основа на досегашните откриени фурниуми.

*Клучни зборови:* пропигнејум, префурниум, фурниум, ложиште, бањи, сводови.